РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
МИНИСТЕРСТВО ЗА ЕКОНОМИЈА

УП I бр. 25-167
15 11 16 __.11. 2016 година
Скопје

Министерот за економија врз основа на член 56 став (1) од Законот за возила („Службен весник на Република Македонија“ бр. 140/08, 53/11, 123/12, 70/13, 164/13 и 138/14) постапувајќи по барањето од Трговското друштво ЦЕНТАР ЗА ИСТРАЖУВАЊЕ, РАЗВОЈ И КОНТИНУИРАНО ОБРАЗОВАНИЕ ЦИРКО ДООЕЛ Скопје со УП I бр.25-167 од 28.10.2016 година, донесе:

# РЕШЕНИЕ
# ЗА ОВЛАСТУВАЊЕ ЗА ТЕХНИЧКА СЛУЖБА

1. **СЕ ОВЛАСТУВА Трговското друштво ЦЕНТАР ЗА ИСТРАЖУВАЊЕ, РАЗВОЈ И КОНТИНУИРАНО ОБРАЗОВАНИЕ ЦИРКО ДООЕЛ Скопје**, врз основа на Предлогот за овластување од органот за одобрување – Биро за метрологија бр.1609-427/5 од 26.10.2016 година, Сертификатот за акредитација за инспекциско тело бр.ИТ-097 од 06.04.2016 година и неговиот Прилог издаден на 14.10.2016 година од Институтот за акредитација на Република Македонија, да врши научни и технички работи во постапките на инспекциското место: „Машински факултет – Скопје“ на ул.Руѓер Бошковиќ во Карпош II б.б Скопје за:

1. - **единечно одобрување на возило од категориите L, M, N, O, T, C, R и S**, согласно член 11 став (2), член 20 став (4), член 52-а став (4) и член 57 став (1) алинеи 3 и 4 од Законот за возила; член 2 став 1 од Правилникот за единечно одобрување на возило („Службен весник на Република Македонија“ бр.16/10, 62/10, 105/10, 13/11, 39/11, 169/11, 185/11, 84/12, 132/12, 153/12, 59/13, 138/13, 29/14, 35/14, 119/14 и 168/14); и Правилникот за техничките барања за системите, составните делови, самостојните технички единици, опремата и вкупните маси и осното оптоварување на возилата („Службен весник на Република Македонија“ бр.21/10);

2. - **одобрување на преправени и поправени возила**, согласно член 11 став (2), член 19 и член 54 од Законот за возила; член 5, член 6 точка 10, 20 и 23, член 7 точка 1, 4 и 13 од Правилникот за одобрување на преправени и поправени возила („Службен весник на Република Македонија“ бр.7/10) и Правилникот за техничките барања за системите, составните делови, самостојните технички единици, опремата и вкупните маси и осното оптоварување на возилата;

3. - **инспекција при утврдување и втиснување на идентификациски ознаки на возила (број на шасија и број на мотор)**, согласно член 57 став (1) алинеја 5 од Законот за возила, член 6 од Правилникот за формата и содржината на образецот на барањето за доделување на идентификациска ознака (број на шасија) и формата и содржината на водење на евиденцијата за издадени одобренија и на начинот и постапката за обележување и поништување на идентификациските ознаки на шасијата и/или моторот на возилото („Службен весник на Република Македонија“ бр.109/16);

4. **идентификација и оцена на техничката состојба на мобилни машини во делот кој се однесува на опасностите кои произлегуваат од нивната мобилност**, согласно Законот за возила; член 11-б од Правилникот за изменување и дополнување на

Правилникот за идентификација и за идентификација и оцена на техничката состојба на возилата („Службен весник на Република Македонија“ бр.106/16); член 3 став (1) алинеја 3 и член 21 став (4) од Правилникот за изменување и дополнување на Правилникот за единечно одобрување на возило („Службен весник на Република Македонија“ бр.182/16).

## О Б Р А З Л О Ж Е Н И Е

**Трговското друштво ЦЕНТАР ЗА ИСТРАЖУВАЊЕ, РАЗВОЈ И КОНТИНУИРАНО ОБРАЗОВАНИЕ ЦИРКО ДООЕЛ Скопје**, до Министерството за економија поднесе барање УП I бр. 25-167 од 28.10.2016 година со кое бара овластување за техничка служба.

Министерството за економија, постапувајки по поднесеното барање, Предлогот за овластување од органот за одобрување – Биро за метрологија бр.1609-427/5 од 26.10.2016 година, Сертификатот за акредитација за инспекциско тело бр.ИТ-097 од 06.04.2016 година и неговиот Прилог издаден на 14.10.2016 година од Институтот за акредитација на Република Македонија, изврши увид во доставената документација и одредбите од наведената законска регулатива во поднесеното барање, при што утврди дека на инспекциското место на „Машински факултет – Скопје“ на ул.Руѓер Бошковиќ во Карпош II б.б Скопје, Трговското друштво ЦЕНТАР ЗА ИСТРАЖУВАЊЕ, РАЗВОЈ И КОНТИНУИРАНО ОБРАЗОВАНИЕ ЦИРКО ДООЕЛ Скопје може да се врши:

1. - **единечно одобрување на возило од категориите L, M, N, O, T, C, R и S**, согласно одредбите од Законот за возила, Правилникот за единечно одобрување на возило и Правилникот за техничките барања за системите, составните делови, самостојните технички единици, опремата и вкупните маси и осното оптоварување на возилата;

2. - **одобрување на преправени и поправени возила**, согласно одредбите од Законот за возила, Правилникот за одобрување на преправени и поправени возила и Правилникот за техничките барања за системите, составните делови, самостојните технички единици, опремата и вкупните маси и осното оптоварување на возилата;

3. - **инспекција при утврдување и втиснување на идентификациски ознаки на возила (број на шасија и број на мотор)** - согласно одредбите од Законот за возила, Правилникот за формата и содржината на образецот на барањето за доделување на идентификациска ознака (број на шасија) и формата и содржината на водење на евиденцијата за издадени одобренија и на начинот и постапката за обележување и поништување на идентификациските ознаки на шасијата и/или моторот на возилото;

4. **идентификација и оцена на техничката состојба на мобилни машини во делот кој се однесува на опасностите кои произлегуваат од нивната мобилност**, согласно одредбите од Законот за возила, Правилникот за изменување и дополнување на Правилникот за идентификација и за идентификација и оцена на техничката состојба на возилата, и Правилникот за изменување и дополнување на Правилникот за единечно одобрување на возило.

Кон барањето се поднесени следните документи:

- Предлогот за овластување од органот за одобрување – Биро за метрологија бр.1609-427/5 од 26.10.2016 година

- Сертификатот за акредитација за инспекциско тело бр.ИТ-097 од 06.04.2016 година и неговиот Прилог издаден на 14.10.2016 година од Институтот за акредитација на Република Македонија;

- Потврда за регистрирана дејност издадена од Централниот регистар на Република Македонија со деловоден бр.0809-50/150120160000875 од 11.01.2016 година;

- Доказ за склучен договор за осигурување со АД НАЦИОНАЛНА ГРУПАЦИЈА ЗА ОСИГУРУВАЊЕ (Полиса бр.130000003867 со важност до 04.03.2017 година);

- Договор за користење на опрема и простории, заверен на нотар со број УЗП 4473/16 од 31.10.2016 година;

- Извештај за билансот на состојба и податоци од билансот на успех бр.0904-50/150120160062061 од 17.10.2016 година, издаден од Централен регистар на Република Македонија.

-Изјава за користење на деловни простории кои се во сопственост на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј"-Скопје, дадена од управителот проф. д-р Звонимир Костиќ, со бр. 0204-452/2 од 08.04.2016 год;

- Доказ за вработување (копии од обрасците М1/М2 и договори за работа) и доказ за стручноста (уверенија, дипломи и сертификати од обуки) за:

1. дипл. маш. инж. Ќосевски Стеван, насока механички машини и возила;
2. дипл. маш. инж. Симеонова Оливера, насока- механички машини и возила;
3. дипл. маш. инж. Свирков Илија, -насока механички машини и возила.

- Договор за деловно-техничка соработка помеѓу Универзитет „Св.Кирил и Методиј" во Скопје- Машински факултет и Трговско друштво – Центар за истражување, развој и континуирано образование ЦИРКО ДООЕЛ Скопје бр.03-304/1 од 21.03.2016 година;

Врз основа напред изнесеното, а согласно член 56 став (1) од Законот за возила се донесе решение како во диспозитивот.

Таксата од член 37 со тарифен број 156 од Законот за административни такси („Службен весник на Република Македонија" бр.17/93, 20/96, ... , 6/10 и 145/10) во износ од 2.000,00 денари, е залепена на поднесокот и поништена.

УПАТСТВО ЗА ПРАВНО СРЕДСТВО: Против ова решение незадоволната странка може да поведе управен спор пред Управен суд во рок од 15 дена од денот на приемот на решението.

МИНИСТЕР,
Driton Kuqi

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА МИНИСТЕРСТВО ЗА ЕКОНОМИЈА СКОПЈЕ